| **Цели**<br><br>1. Подобрување на квалитетот на наставата преку зголемување на опременоста на училиштето со наставни средства, технички помагала и ИКТ опрема<br>2. Усовршување на наставата преку континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците за современа настава<br>3. Подобрување на условите за работа во училиштето<br><br>**Очекувани исходи :**<br><br>1.1.Подобрена е нагледноста и снабденоста со сите неопходни средства за успешно реализирање на наставните содржини.<br>2.Професионално доусовршен наставен кадар за современа настава.<br>3. Подобрени се условите за работа во училиштето<br><br>**Задачи :**<br><br>1. Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства,технички помагала, ИКТ опрема и библиотечен фонд на книги.<br>2.Континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците за современа настава<br>3.Подобрување на условите за работа во училиштето :<br>- Доработка на фасада и уредување на училишниот двор во ПУ Рогачево | |

- Замена на греењто од дрва на пелети во ПУ Орашје
- Изработка на фасада и уредување на училишниот двор во ПУ Старо Село
- Поставување ограда во ПУ Јажинце
- Изградба на пристапни рампи во сите училишни објекти

**1.Зголемување на опременоста на училиштето со наставни средства, технички помагала и ИКТопрема**

**1.1.**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имп-лементација | Ресурси | Тим за сле-дење на реа-лизацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Изработка на приоритетна листа од нагледни средства,технички помагала, ИКТ опрема | Подобрување на квалитетот на наставата | директор тимот | септември | работен тим наставници понудувачи печатач хартија компјутер | Наставници психолог |
| 2. Изготвување на предлог буџет | Подобрување на квалитетот на наставата | директор тимот | октомври | работен тим наставници понудувачи печатач хартија компјутер | Директор Психолог сметководител |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.Поднесување барања до спонзори или донатори; | Подобрување на квалитетот на наставата | директор тимот | октомври | директор печатач хартија компјутер | директор |
| 4.Барање поддршка од локална самоуправа; | Подобрување на квалитетот на наставата | директор | октомври | директор печатач хартија компјутер | директор |
| 5.Набавка на нагледни средства,технички помагала, ИКТ опрема | Подобрување на квалитетот на наставата | директор комисија | ноември, декември | работен тим наставници понудувачи печатач хартија компјутер | Комисија за јавни набавки |

**1.2.**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имп-лементација | Ресурси | Тим за сле-дење на реа-лизацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Изработка на приоритетна листа книги во библотеките во ЦУ Вратница и ПУ Јажинце | Подобрување на квалитетот на наставата | директор библиотекари | септември | работен тим наставници понудувачи печатач хартија компјутер | Наставници психолог |
| 2. Изготвување на предлог буџет | Подобрување на квалитетот на наставата | директор библиотекари | октоври | работен тим наставници понудувачи печатач хартија компјутер | Директор Психолог сметководител |
| 3.Поднесување барања до спонзори или донатори; | Подобрување на квалитетот на наставата | директор тим | октоври | работен тим наставници понудувачи печатач | директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | хартија<br>компјутер | |
| 4.Барање поддршка од локална самоуправа; | Подобрување на квалитетот на наставата | директор | октомври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи | директор |
| 5.Набавка на книги за библотеките во ЦУ Вратница и ПУ Јажинце | Подобрување на квалитетот на наставата | директор<br>комисија | Ноември, декември | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Комисија за јавни набавки |

## 2. Континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците за современа настава

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имп-лементација | Ресурси | Тим за сле-дење на реа-лизацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Закажување средби на стручни активи | одржани средби на СА | претседатели на СА | септември | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Тим за профе-сионален развој |
| Предлагање теми од страна на наставниците | предложени теми според потребите | претседатели на СА | октомври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Тим за профе-сионален развој |
| Избор на теми за оваа учебна година | избрани теми според потребите | претседатели на СА | октомври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач | Тим за профе-сионален развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | хартија<br>компјутер | |
| Предлагање теми за обуки до Тимот за професионален развој на наставници | Внесени обуки во програма за проф.развој | претседатели на СА | октомври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Наставници<br>психолог |

## 3. Подобрување на условите за работа во училиштето

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на потребите за :<br>- Доработка на фасада и уредување на училишниот двор во ПУ Рогачево<br>- Замена на греењето од дрва на пелети во ПУ Орашје<br>- Изработка на фасада и уредување на училишниот двор во ПУ Старо Село<br>- Поставување ограда во ПУ Јажинце<br>- Изградба на пристапни рампи во сите училишни објекти | Идентификувани сите потреби | Директор<br>хаусмајстори<br>економ | септември | Директор<br>хаусмајстори<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Директор<br>хаусмајстори |
| 2. Изготвување на предлог буџет | Изготвен буџет | Директор<br>хаусмајстори<br>економ<br>библиотекар<br>дефектолог | октоври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер | Директор<br>Економ<br>хаусмајстор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пенкало | |
| -Доработена фасада и уреден двор во ПУ Рогачево<br>- Заменето парно греење од дрва на пелети во ПУ Орашје<br>-Изработена фасада и уреден двор во ПУ Старо Село<br>-Поставена ограда во ПУ Јажинце<br>-Изградени пристапни рампи во сите подрачни училишта | | Директор<br>хаусмајстори<br>економ<br>библиотекар<br>дефектолог | октоври | работен тим<br>наставници<br>понудувачи<br>печатач<br>хартија<br>компјутер<br>пенкало | директор |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

**-Одговорни за следење -**

1. Директор, наставници,стручен соработник
2. Директор, стручен соработник
3. Директор, хаусмајстор, комисија

**-Критериум за успех -**

1. Зголемен фонд на нагледни средства,ИКТ опрема и книги
2. Реализирани работилници, обуки, семинари за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници
3. Опремени библиотеки;

-Доработена фасада и уреден двор во ПУ Рогачево;

- Заменето парно греење од дрва на пелети во ПУ Орашје

-Изработена фасада и уреден двор во ПУ Старо Село

-Поставена ограда во ПУ Јажинце

-Изградени пристапни рампи во сите подрачни училишта

**-Инструменти -**

1. Анкети,фактури, каталози, записници
2. Извештај од тимот за професионален развој, годишен и полугодишен извештај
3. Фактури, каталози, записници

**-Индикатори за успешност -**

1. Квалитетна настава
2. Иновативни наставници
3. Подобрени услови за успешно изведување на настава и работа во училиштето

**-Повратна информација -**

1. Полугодишен и годишен извештај
2. Извештаи од посета на часови
3. Полугодишен и годишен извештај, извештај од комисијата

# 8. Програми и организација на работата во основното училиште

## 8.1.Календар за организација и работа на ООУ „Симче Настовски“ – Вратница за учебната 2023/2024 година

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Септември 2023 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 23 | 22 | 23 | 24 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | |
| | | | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Октомври 2023 | | | | | | | 1 |
| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| | 30 | 31 | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Ноември 2023 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |
| | | | | | | | |

*8 ^ми^ Септември* - Ден на Независноста на РСМ

*11 Октомври* - Ден на Востанието на македонскиот народ
*23 Октомври* - Ден на Македонската револуционерна борба
*20 Октомври* – Патронен празник на училиштето

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Декември 2023 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | | |

*8 ^ми^ Декември* – Св.Климент Охридски

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари 2024 | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| | 29 | 30 | 31 | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Февруари 2024 | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| | 26 | 27 | 28 | 29 | | | |
| | | | | | | | |

***30.12.2023-21.01.2024*** **– Зимски распуст за учениците**
***1 Јануари*** **– Нова година**
***6 Јануари*** **- Бадник**
***7.Јануари*** **- Божиќ**
***19 Јануари*** **- Богојавление-верски празник**

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Март 2024 | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |
| | | | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Април 2024 | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| | 29 | 30 | | | | | |

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Мај 2024 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |
| | | | | | | | |

***10 Април*** **-Рамазан Бајрам**

***29.04.2024-05.05.2024*** **– пролетен распуст за учениците**

***1 Мај*** **- Ден на трудот**

***6 Мај*** **– Велигден**

***24 Мај*** **- Денот на словенските просветители**

| Месец | Денови | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
| Јуни 2024 | | | | | | 1 | 2 |
| | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | Од 18 јуни започнува летниот распуст за учениците | | | | | | |

| Месеци | Број на работни денови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
| Септември | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 |
| Октомври | 5 | 4 | 3 | 4 | 4 | 20 |
| Ноември | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 22 |
| Декември | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 20 |
| Вкупно | 17 | 16 | 16 | 17 | 16 | 82 |

| Месеци | Број на работни денови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
| Јануари | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 8 |
| Февруари | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 21 |
| Март | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 21 |
| Април | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 19 |
| Мај | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 18 |
| Јуни | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 11 |
| Вкупно | 20 | 20 | 19 | 20 | 19 | 98 |
| Цела година | 37 | 36 | 35 | 37 | 35 | 180 |

**Работни денови во прво полугодие – 82**

**Работни денови во второ полугодие - 98**

**Вкупно работни денови во учебната година - 180**

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

**ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА**

| Реден број | Име и презиме | Одделенски раководител | Училиште | Број на ученици | Инклузирани ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јадранка Мисајловска | I | ЦОУ Вратница | 6 | |
| 2 | Елизабета Николовска | II,III | ЦОУ Вратница | 4+7 | |
| 3 | Наташа Тофиловска | IV | ЦОУ Вратница | 3 | |
| 4 | Билјана Ѓеровска | V | ЦОУ Вратница | 5 | |
| 5 | Светлана Ѓорѓеска | II, III, IV | ПОУ Рогачево | 1+1+1 | |
| 6 | Митко Апостоловски | I, V | ПОУ Рогачево | 1+1 | |
| 7 | Мирјана Димовска | II, IV | ПОУ Старо Село | 1+2 | |
| 8 | Адиљ Мемиши | I | ПОУ Јажинце | 4 | |
| 9 | Хамијете Гафури | II | ПОУ Јажинце | 9 | |
| 10 | Фатиме Алију | III | ПОУ Јажинце | 12 | 1 |
| 11 | Шаќире Реџепи | IV | ПОУ Јажинце | 11 | |
| 12 | Абибе Адиљи | V | ПОУ Јажинце | 11 | |
| 13 | Јетмире Рустеми | II | ПОУ Орашје | 7 | |
| 14 | Илир Мисими | I и III | ПОУ Орашје | 5+2 | |
| 15 | Шеќибе Заими | IV и V | ПОУ Орашје | 8+4 | |
| 16 | Мирие Мисими | II, IV,V | ПОУ Долно Орашје | 0+1+0+2+1 | |
| | **ВКУПНО:** | **16** | | **110** | |

| Реден број | Наставник по англиски јазик | паралелки |
|---|---|---|
| 1 | Маргарета Петковска | II, III Вратница<br>IV Вратница<br>V Вратница |
| 2 | Јелена Спасовска | I Вратница<br>II, III, IV – Рогачево<br>I, V – Рогачево<br>II, IV – Старо Село |
| 3 | Ардита Ејупи | I,II, III, IV – ПУ Јажинце<br>I, III – ПУ Орашје<br>II – ПУ Орашје<br>IV, V – ПУ Орашје |
| 4 | Љуљзим Рамадани | V – ПУ Јажинце<br>II, IV,V – Д. Орашје |

| Реден број | Наставник по ФЗО | паралелки |
|---|---|---|
| 1 | Сребра Мишовска | I Вратница<br>II, III Вратница<br>IV Вратница<br>V Вратница<br>II, III, IV – Рогачево<br>I, V – Рогачево<br>II, IV – Старо Село |
| 2<br><br><br><br><br><br>3 | Илбер Фаризи<br><br><br><br><br><br>Јумни Ајети | I – ПУ Јажинце<br>II - ПУ Јажинце<br>I,III – ПУ Орашје<br>II – ПУ Орашје<br>IV, V – ПУ Орашје<br>II, IV, V – ПУ Д. Орашје<br>III- ПУ Јажинце<br>IV- ПУ Јажинце<br>V - ПУ Јажинце |

| Природни науки | Техничко образование |
|---|---|
| Елеонора Антевска : V - Вратница<br>V - Рогачево | Ангелина Коцевска : V - Вратница<br>V - Рогачево |
| Хасиме Јашари : V - Јажинце<br>V – Орашје<br>V - Д.Орашје | Лејла Исени : V - Јажинце<br>V – Орашје<br>V - Д.Орашје |

| Македонски јазик во албански паралелки | |
|---|---|
| Билјана Симовска : Македонски јазик : IV и V - Јажинце, Орашје и Долно Орашје | |

**ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**

| Реден број | Име и презиме | Класен раководител | Училиште | Број на ученици | Инклузирани ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниела Коцеска | VI | ЦОУ Вратница | 12 | |
| 2 | Јелена Спасовска | VII | ЦОУ Вратница | 4 | |
| 3 | Елеонора Антевска | VIII | ЦОУ Вратница | 10 | |
| 4 | Маргарета Петковска | IX | ЦОУ Вратница | 4 | |
| 5 | Сељвије Селмани | VI | ПОУ Јажинце | 9 | |
| 6 | Јумни Ајети | VII | ПОУ Јажинце | 6 | |
| 7 | Хасиме Јашари | VIII | ПОУ Јажинце | 15 | |
| 8 | Љулзим Рамадани | IX | ПОУ Јажинце | 15 | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **8** | | **75** | **1** |

***Предметни наставници – македонски наставен јазик***
***за учебната 2023/2024 година***

| Ред бр. | Име и презиме на наставникот | Стручна спрема | Наставен предмет | Одделенија во кои предава | Часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Тони Коцески | Дипломиран машински инжењер Машински факултет - Скопје | Математика | VI – IX | 17 | 21 |
| | | | физика | VIII, IX | 4 | |
| **2** | Анѓелина Коцевска | Дипломиран професор по информатика | Информатика<br>Техничко образование и информатика<br>Техничко образование и информатика | VII<br>VI<br>V- Вратница<br>V- Рогачево | 1<br>2<br>2<br>2 | 7<br>(Дополнува во ООУ „Александар Здравковски“ – Јегуновце)<br>Дополнува во ООУ „Шемшево“ – Жилче) |
| **3** | Даниела Коцеска | ВСС<br>Професор по македонски јазик | Македонски јазик | VI, VIII, IX | 12 | 22+1 |
| | | | Класен раководител | VI | 1 | |
| | | | Библиотека | | 10 | |
| **4** | Билјана Симовска | ВСС<br>Професор по македонски јазик | Македонски јазик | VII | 4 | 4+18АНЈ 22 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Маргарета Петковска | ВШС<br>Наставник по англиски јазик | Англиски јазик | VI – IX<br>II,III Вратница<br>IV Вратница<br>V Вратница | 12<br>2<br>3<br>3 | 20+1 |
| | | | Класен раководител | IX | 1 | |
| **6** | Катерина Перовска | ВСС<br>Професор по историја | Историја и општество<br>Историја | VI<br>VII-IX | 2<br>6 | 10<br>(Дополнува 10 часа во ООУ „Шемшево“ – Жилче) |
| | | | Граѓанско образование | VIII, IX | 2 | |
| **7** | Елеонора Антевска | ВСС<br>Наставник по биологија и хемија | Биологија | VII, VIII, IX | 6 | 20+1 |
| | | | Хемија | VIII, IX | 4 | |
| | | | Природни науки | VI Вратница<br>V - Вратница<br>V Рогачево | 2<br>2<br>2 | |
| | | | Унапредување на здравјето<br>Слободен изборен предмет | VIII<br>IV –Старо Село | 2<br>2 | |
| | | | Одделенски час | VIII | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Јелена Спасовска | ВСС<br><br>Професор по англиски јазик | Англиски јазик<br><br><br><br>ЕСАРУ администратор<br>Вештини за живеење – изборен<br>Иновации<br>Слободен изборен предмет<br>Слободен изборен предмет<br>Одделенски час | I, II, III – Рогачево<br>IV, V – Рогачево<br>II, IV – Старо Село<br>I - Вратница<br>/<br>VII<br>IX<br>V-Вратница<br>V- Рогачево<br>VI | 2<br>3<br>3<br>2<br>3<br>2<br>1<br>2<br>2<br>**1** | 20 + 1 |
| 9 | Мирче Николовски | ВСС<br><br>Професор по физичко обр. | ФЗО | VI – IX | 12 | 12 21<br>(Дополнува 9 часа во ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово) |
| 10 | Сребра Мишовска | ВСС<br><br>Професор по физичко обр. | ФЗО | I-Вратница<br>II,III –Вратница<br>IV – Вратница<br>V – Вратница<br>II,III,IV – Рогачево<br>I, V – Рогачево<br>II,IV – Старо Село | 3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3 | 21 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Даниела Поповска | ВСС<br>Професор по географија | Географија | VI – IX | 7 | 11 |
| | | | Истражување на родниот крај<br>Слободен изборен предмет | IX<br>IV-Вратница | 2<br>2 | |
| 13 | Христина Јовановска | ВСС<br>Професор по германски јазик | Германски јазик | VI – IX | 8 | 8<br>(Матично училиште ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Теарце 8 часа) |
| 14 | Зоран Бошковски | ВСС<br>Професор по ликовна култура | Ликовно образование | VI – IX | 4 | 4<br>(Матично училиште ООУ Андреја Савески – Ќиќиш“ – Тетово 12 часа<br>ООУ„Кирил Пејчиновиќ“Теарце- 4 часа |
| 15 | Лидија Илиеска | ВСС<br>Професор по музичко обр. | Музичко образование | VI – IX | 4 | 13<br>(Матично училиште УЦ „Никола Штејн“ – Тетово 7 часа) |
| | | | хор | VI – IX | 3 | |
| | | | оркестар | VI – IX | 3 | |
| | | | оркестар - Јажинце | VI – IX | 3 | |
| 16 | Роберт Атанасовски | ВСС<br>Филозофски факултет | Етика | VII | 1 | 1 + 7 часа<br>Матично училиште ООУ „Братство – Миѓени“ Тетово 1 час ООУ„ Лирија “ 1 час, ООУ „А.С. Кикиш -1 час, ООУ „Кирил и Методиј “ 1 час, ООУ„ Шемшово“-Жилче 1 час, ООУ. „Александар Здравковски“ Јегуновце-1 час, и средно музичко Тодор Скаловски-Тетоец - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 час . |
| 17 | Илија Деспотовски | ВСС<br>Теолошки ф. | Етика во религиите – слободен изборен предмет | VI | 2 | 2 +18<br>Матично школо ООУ „7 Марси“ – Челопек 6 часа, ООУ„Александар Здравковски -Јегуновце -4 часа, ООУ„Шемшово“ - ПОУ Жилче- 2 часа, ООУ„Коста Рацин“ Брвеница - 6 часа |
| 18 | Алмира Мемиши | ВСС<br>Професор по албански јаз. | Албански јазик – изборен | VII, IX | 4 | 4<br>Матично училиште ООУ,Исмаил Ќемаљи“ Нераште – 16 часа |
| 19 | Снежанка Маркоска | Специјален едукатор и рехабилитатор | **Центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост** | | | |

## *Предметни наставници – албански наставен јазик за учебната 2022/2023 година*

| Ред бр. | Име и презиме на наставникот | Стручна спрема | Предмет | Одделение | Часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сељвије Селмани | ВСС<br>М-р професор по албански јазик | Албански јазик | VI – IX | 16 | 26+1 |
| | | | Класен час | IX | 1 | |
| | | | Библиотека | | 10 | |
| 2 | Селма Целадини | ВСС<br>Професор по математика | Математика | VI – IX | 17 | 20+1 |
| | | | Техничко образование и информатика<br>Информатика | VI,<br>VII | 2<br>1 | |
| 3 | Ардита Ејупи | ВСС<br>Професор по англиски јазик | Англиски јазик<br>Слободен изборен предмет | I,II, III, IV – ПУ Јажинце<br>I,III – ПУ Орашје<br>II – ПУ Орашје<br>IV,V – ПУ Орашје<br>IV - Јажинце | 9<br>2<br>2<br>3<br>2 | 18+3 21<br>(Дополнува 3 часа во ООУ „Шемшово“) |
| 4 | Љуљзим Рамадани | ВСС<br>Професор по англиски јазик | Англиски јазик | V–IX – Јажинце<br>II, IV,V – Д. Орашје | 15<br>3 | 19+1 |
| | | | Иновации | IX | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Билјана Симовска | ВСС, Професор по макед. ј. | Македонски јазик | IV– IX – ПУ Јажинце<br>IV – V – ПУ Оращје<br>IV – V  ПУ Д. Ораш. | 14<br>2<br>2 | 18+4МНЈ  22 |
| 6 | Надире Мемеди | | Историја | VI – IX | 8 | ООУ„ Исмаил Ќемали“-Нераште |
| 7 | Фатон Фетаи | ВШС Наставник по географија | Географија | VIII – IX | 4 | 10<br>Матично училиште ООУ„Фаик Коница“ Доброште |
| | | | Граѓанско образование | VIII, IX | 2 | |
| | | | Природни науки | V - ПУ Горно Оращје | 2 | |
| | | | Природни науки | V- ПУ Долно Оращје | 2 | |
| 8 | Авдилмунаф Даути | ВШС Наставник по географија | Географија<br>Слободен изборен предмет | VI, VII<br>IV- Горно Оращје | 1+2<br>2 | 5  ( Дополнува во ООУ„ Исмаил Ќемали“-Нераште) |
| 9 | Јумни Ајети | ВСС Професор по физичко обр. | Физичко и здравствено образование | VI – IX | 12 | 21+1 |
| | | | Класен час | VII | 1 | |
| | | | Физичко и здравствено образование | III , IV, V– ПУ Јажинце | 3+3+3 | |
| 10 | Илбер Фаризи | ВСС Професор по физичко обр. | Физичко и здравствено образование | I –Јажинце<br>II - Јажинце<br>I, III – ПУ Оращје | 3<br>3<br>3 | 18 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | II – ПУ Г. Оращје<br>IV, V – ПУ Г.Оращје<br>II,IV , V Д. Оращје | 3<br>3<br>3 | |
| 11 | Арсим Османи | ВСС<br>Професор по музичко обр. | Музичко образование<br>Проекти од музичка уметност<br>Хор Јажинце | VI – IX<br>VII и IX<br>VI – IX | 4<br>4<br>3 | 15 |
| | | | Слободен изборен предмет<br>Слободен изборен предмет | V – Јажинце<br>V – Горно Оращје | 2<br>2 | |
| 12 | Ардита Јусуфи | ВСС<br>Професор по германс. јазик | Германски јазик | VI,VII, VIII,IX | 8 | Матично училиште ООУ„Шемшово“ Шемшово -18 часа |
| 13 | Хасиме Јашари | ВСС<br>Професор по биологија | Биологија | VII – IX | 6 | 11+1<br>(9 часа дополнува ООУ „Исмаил Ќемали“ Нераште) |
| | | | Природни науки | V, VI – ПУ Јажинце | 2+3 | |
| | | | Класен час | VIII | 1 | |
| 14 | Сефедин Шаќири | ВШС<br>Професор по хемија | Хемија | VIII, IX | 4 | 8<br>Матично училиште ООУ „Шемшово“ – 12 часа |
| | | | Физика | VIII, IX | 4 | |
| 15 | Бадеме Шемшиу | ВСС<br>Професор по ликовно обр. | Ликовно образование | VI – IX | 4 | 4<br>(Матично училиште ООУ „Фаик Коница“ Доброште – 10 часа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Абдуљсамет Исмаили | ВСС<br>Теолошки ф. | Етика на религии –Слободен изборен предмет | VI | 2 | 2<br>Матично училиште ООУ „Исмаил Кемали“ Нераште- 4 часа, ООУ „Фаик Коница“ Доброште 4 часа, ООУ“Екрем Чабеј“Слатино – 6 часа, ООУ„Кирил Пејчиновиќ“ Теарце -4 часа. |
| 17 | Љејла Исени | | Техничко образование и информатика<br>Техничко образование и информатика<br>Техничко образование и информатика | V – ПУ Орашје<br>V- Долно Орашје<br>V – Јажинце | 2<br>2<br>2 | Матично училиште „Екрем Чебај“ - Слатино |

Распоред на часови, и распоред на часови за дополнителна и додатна настава се во прилог на годишната програма.

### 8.3. Работа во смени

Учебната 2023/2024 г. започнува според календарот за работа донесен од страна на МОН, во просторни услови кои пред почетокот на учебната година беа подобрени со санирање и варосување, според однапред утврден приоритет и финансиска можност. Наставата ќе се изведува во една смена во сите подрачни и во матичното училиште за учениците I-IX одд. освен во ПУ Оращје. Првата смена започнува во 7:45 ч. Наставата ќе се изведува во училници и кабинети според Планот за одржување настава во основните и средните училишта во учебната 2023/2024 година. Ќе се изведува интегрирана настава со примена на ИКТ технологија и современи наставни средства.
Секој час ќе трае 40 мин, а по вториот час ќе има голем одмор во траење од 20 мин., малите одмори ќе траат 5 мин.

**Распоред на ѕвонење на часовите**

| ЧАС | ПОЧНУВА | ЗАВРШУВА | ОДМОР |
|---|---|---|---|
| 1 | 7,45 | 8,25 | 5 мин. |
| 2 | 8,30 | 9,10 | 20 мин. |
| 3 | 9,30 | 10,10 | 5 мин. |
| 4 | 10,15 | 10,55 | 5 мин. |
| 5 | 11,00 | 11,40 | 5 мин. |
| 6 | 11,45 | 12,25 | 5 мин. |
| 7 | 12,30 | 13,10 | |

## 8.4. Јазик/ јазици на кој/ и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик |
|---|---|---|
| Број на паралелки | 11 | 13 |
| Број на ученици | 62 | 123 |
| Број на наставници | 25 | 26 |

## 8.5. Проширена програма

Во текот на учебната година во склоп на редовната настава  се реализира и проширена програма за учениците.

Активностите за проширената програма се изведуваат кога има ученици кои доаѓаат еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на часовите и тоа за учениците од прво до трето одделение.

По спроведените анкети со родителите доколку нема такви ученици кај одредени наставници, тогаш овие активности не се реализараат.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Паралелки во училиштето :

| | Вкупно паралелки | Чисти паралелки | Комбинирани паралелки | |
|---|---|---|---|---|
| I-V | 16 | 9 | 7 | |
| VI-IX | 8 | 8 | / | |
| I-IX | 24 | 17 | 7 | |

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Како прв странски јазик се изучува англиски јазик од I до IX одд. одд. а како втор странски јазик од VI до IX одд. одд. се изучува германски јазик и во ЦУ Вратница и во ПУ Јажинце.

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 24 | 185 |
| Германски јазик | 8 | 75 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставата во училиштето по физичко и здравствено образование согласно промените на Законот за основно образование со учениците од прво до петто одделение и оваа учебна година ќе ја реализираат наставници по физичко и здравствено образование.

## 8.9. Изборна настава

Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се дава можност да ги проширувааат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

Слободни изборни предмети ќе се избираат според Водичот за слободни изборни предмети во основно образование

Изборот на предмети се изврши според спроведени анкети во месец мај. Во прилог се приложуваат и анкетните листови од родителите. По сумирање на резултатите беа избрани следниве изборни предмети по одделенија:

**ЦОУ Вратница**

| **Одд.** | **Изборен предмет** | **Број на ученици** | **Наставник** |
|---|---|---|---|
| **VI** | Етика во религии | 12 | Илија Деспотовски |
| **VII** | Вештини на живеење<br>Албански јазик | 4 | Јелена Спасовска<br>Алмира Мемиши |
| **VIII** | Унапредување на здравјето | 10 | Елеонора Антевска |
| **IX** | Истражување на родниот крај | 4 | Даниела Попоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Албански јазик | | Алмира Мемиши |

**ПОУ Јажинце**

| **Одд.** | **Изборен предмет** | **Број на ученици** | **Наставник** |
|---|---|---|---|
| **VI** | Етика во религии | 9 | Абдуљсамет Исмаили |
| **VII** | Проекти од музичка уметност | 6 | Арсим Османи |
| **VIII** | Истражување на родниот крај | 15 | Фатон Фетаи |
| **IX** | Проекти од музичка уметност | 15 | Арсим Османи |

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако : имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати од одреден наставен предмет, отсуствуваат од настава по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител односно старател. Одделенскиот раководител ќе ги информира родителите на тие ученици за задолжително посетување на дополнителна настава по соодветниот наставен предмет.

Според Наставниот план дополнителна настава се организира за учениците II – IX одд. во образовни групи, кои ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени слабости кај одредени ученици. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година, по редовната настава. Секој наставник ќе води евиденција за присуството на часовите, учениците кои послабо напредуваат по повеќе од два наставни предмети, во текот на еден месец ќе посетуваат дополнителна настава по два предмети по избор, во договор со родителот и предметните наставници. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик. Со учениците кои послабо напредуваат во учењето и покажуваат асоцијативно однесување стручната служба ќе организира средби со родителите согласно Програма за советување на родители.

**Напомена**: изработениот распоред за дополнителна настава ќе биде истакнат на огласна табла во училиштето и на веб страната на училиштето.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

Според Наставниот план додатна настава се организира за учениците II-IX одд. по часовите. Идентификувањето на надарените ученици се врши со систематско следење, испитување и вреднување на развојните особености, постигањата и потребите на секој ученик. Во оваа настава ќе дојде до израз самостојната работа на учениците, работа во мали групи, решавањето проблеми од теоретска и практична природа, експериментирање, проекти и др.

**Напомена:** изработениот распоред за додатна настава ќе биде истакнат на огласна табла во училиштето и на веб страната на училиштето.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Посебно внимание училиштето ќе посвети на работа со надарени и талентирани ученици. Формиран е тим за поддршка на овие ученици кој подготви програма за работа со надарени и талентирани ученици, која е во прилог на годишната програма.

Препознавањето на надарените деца го вршат родителите и наставниците. Откривањето на овие деца го вршат родителите, наставниците и училишниот психолог. Идентификацијата ја врши психологот преку задавање на тестови за утврдување на специфичните способности на учениците преку батеријата ДАТ и тестови за испитување на IQ. При идентификацијата психологот заедно со соодветните наставниците користи прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик.

Наставниците ќе добијат препорака за овие ученици да подготвуваат и реализираат индивидуализирани програми со цел максимално да ги развиваат нивните предиспозиции, индивидуалните и физичките способности и надареноста.

## 8.13. Работа со ученици со попреченост (посебни образовни потреби)

Во рамките на училиштето работи Центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост. Центарот за поддршка ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето -специјален едукатор и рехабилитатор со долгогодишно искуство и ќе дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим во училиштето и во другите основни училишта на подрачјето на Општина Јегуновце.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор од Центарот за поддршка ќе учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во Центарот за поддршка, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базирана на МКФ. Во училиштето работи и стручен соработник-психолог.

Центарот за поддршка во учењето ќе ги опслужува сите училишта во Општина Јегуновце. Соработката со другите училишта, а по претходно дадена регионализација на училишта од страна на МОН, ќе се одвива на три нивоа:

-директна поддршка на учениците;

-поддршка на родителите/старателите;

-поддршка на воспитно-образовниот кадар;

-поддршка на пошироката општествена заедница.

Центарот за поддршка во учењето, преку вклученост на стручни лица од разни профили и воспитно- образовниот кадар од редот на вработените, но и со искористување на ресурсите кои постојат на ниво на локална самоуправа обезбедува поддршка при имплементирање на инклузивното образование во следните области:

1.Образование на ученици со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес дел од модифициранaта програма да ја следат во основното училиште со центар за поддршка во учењето, согласно со препораката на Стручно тело за функционална проценка.

2.Развој на специјализирани услуги достапни за сите деца/ученици со попреченост без разлика на видот на училиште кое го посетуваат: сензорна интеграција, Монтесори педагогија, Арт терапија и други специјализирани методи за работа со деца со попреченост, употреба на асистивна технологија, услуги од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, психомоторна реедукација, поддршка на учениците и родителите, како и изработка на прилагодени наставни материјали.

3.Исто така, центарот дава стручна поддршка и помош на инклузивните тимови, поддршка на воспитно-образовниот кадар, поддршка на ученици и родители во инклузивно образование од страна на специјален едукатор и рехабилитатор.

4. Ресурсни услуги во заедницата: консултативни услуги за сите чинители во инклузивното образование (единици на локална самоуправа, граѓански сектор, бизнис зедницата, меѓуопштински центри за социјална работа и здравствени установи и сл.).

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е инклузивен тим во состав: Јасмина Матовска – психолог, Љуљзим Рамадани – наставник, Фатиме Алији - одделенски наставник, Насир Беџети – родител, Абдула Мемети – родител, Снежанка Марковска – специјален едукатор и рехабилитатор и Деан Трпевски –в.д. директор. Формирани се инклузивни тимови за 1 ученик од IX одд. и 1 ученик од III одд.

Идентификацијата на децата со посебни образовни потреби ја вршат психологот и дефектологот при уписот во I одд. Потоа заедно со наставниците го следат неговиот развој. Доколку ученикот не напредува психологот врши тестирање со тест за испитување на IQ . Потоа се препраќаат во Завод за ментално здравје во Скопје на категоризација и МКФ.

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет. Во продолжение се дадените насоки од страна на МОН.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во досегашното работење немало потреба од образовни медијатори на учениците кои се ангажираат за ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени образовни медијатори и ќе бидат изготвени активности кои ќе ги спроведуват. Образовни медијатори се ангажираат за децата кои потекнуваат од социјално депривирани средини и за оние кои се надвор од воспитно - образовниот систем. Улогата на медијаторите е информирање за можностите и пристапот до училиштата, спроведување редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовна соработка со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, преземање активности за спречување на прерано напуштање на воспитно - образовниот процес на учениците. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до Министерството за образование и наука. Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го спроведува Министерството за образование и наука.

Според Законот за основното образование (член 37), на барање на училиштето може да се покрене процедура за доделување на образовни медијатори кои би вршеле подигање на свесноста кај локалното население за важноста на образованието, а кај вработените во училиштето за спецификите и потребите на оваа категорија на ученици. Училиштето, исто така, во средината во која што делува, може да покрене информирање и подигање на свеста на родителите кои имаат деца кои се надвор од училиште, преку трибини и работилници уште и со индивидуални посети (реализирани од страна на образовни медијатори и училишни тимови за инклузија).

## 9.Воннаставни активности

Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и за развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во слободното време. Во основните училишта слободните ученички активности најчесто се организираат во областа на науката, техниката,

уметноста, спортот, самозаштитата, унапредувањето на здравјето или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено – хуманитарни активности (учество во училишен хор, оркестар, драмска, рецитаторска секција и сл.). На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во редовната настава, да се вклучат и да се потврдуваат со своите постигања. Личниот интерес на ученикот има примарно значење во изборот на вонnаставните активности. Училиштето има надлежност и води постојана грижа за просториите, кадровските и материјално – техничките услови за збогатување и осмислување на целите и содржините во слободните ученички активности. Можноста за поврзувањето на содржините во слободните ученички активности зависи од интересот на учениците, но сепак, без оглед на корелацијата со наставата, со слободните ученички активности се збогатува воспитно образовната работа на училиштето со што станува попривлечно за учениците. Со планирањето и реализацијата на слободните ученички активности се воспоставува современ пристап што овозможува активно учество на учениците на повеќе нивоа: од изборот и селекција на темите, преку изведување на активностите, па сè до презентација на резултите и нивна примена во училиштето, средината и секојдневниот живот.  Секој ученик учествува во една слободна ученичка активност по свој избор, а училиштето ги сумира интересите преку спроведување на анкетен прашалник на почетокот на учебната година. Учениците кои учествуваат во училишниот хор или оркестар можат да се ангажираат најмногу до три часа неделно. Одделни секции или групи што се организираат можат да се обединуваат според содржината или карактерот на активностите во поголеми ученички асоцијации, како на пример, во училиштето може да се формираат училишни клубови, друштва и сл. Постојат можности за поврзување на слободните активности на учениците и на ниво на општина, со соодветни организации и заедници (Црвен крст, Детска организација, еколошки друштва, и сл.). Слободните ученички активности подетално се планираат со Годишната програма на училиштето

## 9.1.Училишни спортски клубови

Училиштето има основано училишен спортски клуб „Симче Настовски“-Вратница. Истиот има Статут и е регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија .

Во текот на учебната година се формираат неколку тимови:

- Кошарка
- Фудбал

Изборот е според афинитетот на учениците и нивните интереси. Одговорни наставници за овие спортски тимови се наставниците по физичко и здравствено образование Мирче Николоски и Јумни Ајети.

Преку тренинзите учениците ги откриваат своите спортски афинитети и способности.

## 9. 2. Секции / клубови

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;
- Културно-уметнички активности;
- Спортски активности

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции: од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во слободните спортски активности ќе работат спортските секции: кошарка, ракомет, фудбал и одбојка.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

**Задачите** на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците

- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување

- Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

Училиштето ги нуди  следните секции и слободните ученички активности:

# ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

СУА за проширување на знаењата

Културно уметнички слободни активности

Рецитаторска секција




__ ученици

Литературна секција



__ ученици

Ритмичка секција



___ученици

Еколошка секција



___ ученици

| | |
|---|---|
| <br>Драмска секција<br>__ ученици | <br>Ликовна секција<br>__ ученици |

## ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

СУА за проширување на знаењата

Културно уметнички слободни активности

Математичка секција



____ ученици

Литературна секција



___ученици

Драмска секција



___ ученици

Историско-географска секција



___ученици

Спорт



___ ученици

Ритмичка секција



__ ученици

Еколошка секција



__ ученици

Сообраќајна секција



ученици

Во училиштето постојат просторни, кадровски и материјално-технички услови за организација и реализација на слободните ученички активности.

Во првата недела од септември овие секции ќе им се понудат на учениците преку анкетни прашалници. Врз основа на покажаниот интерес на учениците ќе се формираат секциите.

Секоја секција ќе има одговорен наставник, според стручната квалификација и афинитети за одредени видови активности. Секоја секција ќе избере свој претседател од редот на учениците.

Секциите ќе подготват програми за работа кои ќе бидат составен дел на оваа програма.

### 9. 2. Акции

Се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни акции, еколошки акции и сл. вообичаено околу новогодишните, велигденските празници и бајрамски празници. Сето ова е во соработка со Советот на родители и општината.

Во овој дел особено ќе се обрне внимание на активно учество на учениците во солидарни акции, работни акции во и надвор од училиштето, уредување и одржување на

училниците, училишната зграда и училишниот двор, одбележување на значајни датуми итн.

За реализација на сите предвидени активности се изготвува посебна програма.

| Содржини | Време на реализација | Реализатори | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| - Детска недела | Првата недела на окотмври | Тим од родители, наставници и ученици | Директор |
| - Приредба по повод патронен празник на училиштето | 20 октомври | Наставници, ученици, психолог | Јелена Спасовска |
| - Ден на хендикепирани | декември | Дефектолог, психолог | Снежанка Марковска |
| - Новогодишна претстава | декември | Тим од родители, наставници и ученици | Елизабета Николовска |
| - Приредба по повод 7 и 8 март | март | Наставници, ученици | Арсим Османи<br>Сељвије Селмани |
| - Априлијада | април | Тим од родители, наставници и ученици | Јадранка Мисајлоска |
| Велигденски работилници | април | Наставници<br>Родители<br>Ученици | Билјана Ѓероска<br>Даниела Коцеска<br>Сељвије Селмани |
| - одбележување на Денот на Македонскиот јазик | мај | Наставници, ученици | Даниела Коцеска<br>Билјана Симовска |
| Одржување и уредување на културно-историски споменици во непосредната околина | октомври, март, мај – пред празници | Наставници<br>Ученици | Катерина Перовска<br>Надире Мемеди |
| Акција за собирање стари алишта и други материјали за загрозени лица | по потреба | Наставници<br>Ученици<br>Родители | Снежанка Марковска<br>Абибе Адили |
| Учество во ублажување на последиците од елементарни и други несреќи | по потреба | Наставници<br>Ученици<br>Црвен крст | Мирче Николоски<br>Јумни Ајети<br>Снежанка Марковска |

**Еко - патроли**

Во централното училиште и сите подрачни училишта ќе функционираат еко-патроли за реализација на еколошката програма. Еко-патролите ќе подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.

## 10. Ученичко организирање

**Ученичката заедница** е формирана од претставници на ученици од сите паралелки во училиштето од одделенска и предметна настава. Како и претходните учебни години и оваа учебна година е формирана ученичката заедница на ниво на училиште.

За таа цел изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како координатори на работата на учениците на ученичката заедница во смисла на давање насоки и помош се одредени наставник по Англиски јазик Маргарета Петковска и наставник по Математика во ПУ Јажинце Селма Џеладини со поддршка од психологот. Координаторите ќе бидат повикувани на состаноците на Ученичката заедница тогаш кога ќе има потреба од нивна дополнителна советодавна помош.

**Ученичкиот парламент** го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Тој активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес. Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во Советот на родители, Наставничкиот совет, организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето и пошироката заедница. Организационата поставеност почнува од учениците во паралелката, па до училишниот парламент. Членовите на парламентот ќе одлучуваат за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како координатори на работата на учениците на ученичката заедница во смисла на давање насоки и помош се одредени наставник по Англиски јазик Маргарета Петковска и наставник по Математика во ПУ Јажинце Селма Џеладини со поддршка од психологот. Координаторите ќе бидат повикувани на состаноците на Ученичкиот парламент тогаш кога ќе има потреба од дополнителна советодавна помош.

**Ученикот Правобранител** претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето.

Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител е да препознава прекршување на детските права и да прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

## 11. Вонучилишни активности

### 11. 1. Екскурзии

Република Северна Македонија е земја која изобилува со природни убавини и културно историски – споменици. Учениците имаат можност да ја запознаат нашата татковина преку редовни наставни и воннаставни активности кои се реализираат во училиштата, нивната околина и поширокото опкружување. Училишните екскурзии им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, да откриваат и истражуваат  културно – историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

Целта на ученичките екскурзии ќе биде поврзување на теоретски разработените наставни содржини со практиката:

- учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина, предзнаењата и знаењата да се дополнат, да се дооформуват, потврдат и систематизираат;

- Развивање на способности за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;

- Воспоставување блиски и непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив;

- Развивање смисла за убавото, чување на природата, природните реткости и други материјални и духовни богатства и формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24 год. е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), посета на детскиот музички фестивал „Златно Славејче“, посета на саем на книга, посета на градска библиотека, посета на индустриски капацитети во околината, еднодневна екскурзија за учениците од трето одд., дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI одд., тридневна наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение и настава во природа за учениците од V одд.

Комисија за екскурзија

1. Даниела Коцеска
2. Сељвије Селмани
3. Билјана Ѓероска
4. Абибе Адили
5. Жаклина Богојеска

Во зависност од интересите на учениците, а и од временските услови, во договор со родителите, учениците и наставниците можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Програмата за екскурзии е дадена во прилог

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Ова подрачје опфаќа содржини и активности што се реализираат надвор од наставата. Преку воннаставните активности им се дава можност на учениците за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и желба за подобар физички и интелектуален развој.

Во рамките на воспитно- образовната дејност училиштето организира и реализира разновидни воннаставни активности, но дел од учениците I-IX одд. посетуваат и основно музичко училиште, балетско училиште, спортски клубови и слично.

## 12. Натпревари за учениците

Ученички натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување

контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари.

Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестарот ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Училиштето ќе организира училишни натпревари по предметите:

| Ред. бр. | **Предмет** | **Наставник** | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Даниела К. | април |
| 2. | Историја | Катерина П. | март |
| 3. | Географија | Даниела П. | март |
| 4. | Англиски јазик | Маргарета П., Љуљзим Р. | март |
| 5. | Математика | Тони К., Селма Џ.<br>Одделенски наставници | март |
| 6. | Биологија | Елеонора А. Хасиме Ј. | март |
| 7.<br>8. | Хемија<br>Природни науки | Елеонора А., Сефедин Ш.<br>Елеонора А. Хасиме Ј. | март<br>март |
| 8 | Физика | Тони К., Сефедин Ш. | март |
| 9. | Техничко образование | Ангелина Коцевска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Лејла Исени | март |
| 10. | Музичко образование | Лидија Илиеска<br>Арсим Османи | март |
| 11 | Ликовно образование | Зоран Б., Бадеме Ш. | март |
| 12 | Информатика | Ангелина К., Селма Џ. | март |

Учениците ќе учествуваат на сите општински и регионални натпревари, а оние кои ќе освојат места ќе учествуваат на државни натпревари.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот кадар, психологот и наставниот кадар имаат важна улога во одржувањето на добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со другите вработени, учениците и други посетители на училиштето.

Ученици во училиштето без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото, се чувствуваат прифатени од возрасните и од своите соученици.

Училиштето е вклучено во проектот на МЦГО, БРО и МОН- ,,Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“

СИТ-от активно е вклучен во сите активности за спроведување на проектот во училиштето и ќе подготви програма за меѓуетничка интеграција и акционен план. Секој наставник ќе изработи акционен план најмалку на една активност од мултиетнички карактер.

Продолжува соработката со партнер училиштето ООУ „Илинден“- Крива Паланка со изготвена програма и план со конкретни активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година и се прилог на Годишната програма.

Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат спрема сите ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост спрема децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставата. Еднакво однесување постои и во работата со компјутери и во воннаставните активности.

Преку програмата **,,Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“** учениците ќе се запознаваат со разни култури преку спроведување на мултикултурни активности во

училиштето и надвор од училиштето, посебно со училиштето со кое имаме потпишано меморандум за соработка, ООУ „Илинден“- Крива Паланка. Со спроведување на интегрирани часови по одредени наставни предмети како и преку содржините што се изучуваат од изборните предмети, учениците ќе ги запознаваме со различните култури кај нас.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Проекти кои се реализираат во училиштето:

- Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието -НОВ КОНЦЕПТ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ , кој го спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието , финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) .
- Превенција од насилно однесување во основните училишта во РСМ
- Училиште на 21 Век
  -Критичко размислување за решавање проблеми и кодирање
- Проект Меѓуетничка интеграција на младите во образованието.
- Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем – интегрирано планирање во наставата на ЕКО стандарди
- ВЕЛО училишта

## 15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците  во годишните извештаи и спроведени анализи  по учебни години Направена е споредбена анализа на средниот успех за 3 години на крајот на полугодие и на крајот на учебната година.

## **Македонски** наставен јазик

| УЧЕБНА ГОДИНА | СРЕДЕН УСПЕХ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА | |
|---|---|---|
| | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | СРЕДЕН УСПЕХ |
| 2020/21 | 65 | 4,58 |
| 2021/22 | 62 | 4,51 |
| 2022/23 | 61 | 4,51 |

Споредбената анализата покажува дека средниот успех на учениците на македонски наставен јазик е ист со минатата учебна година.

Во учебната 2021/22 год. е **намален** за **0,07** во однос на учебната 2020/21 год., а во 2022/23 е ист во споредба со минатата учебна година.

Годишниот среден успех на учениците за три години **е 4,53.**

## **Албански** наставен јазик

| УЧЕБНА ГОДИНА | СРЕДЕН УСПЕХ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА | |
|---|---|---|
| | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | СРЕДЕН УСПЕХ |
| 2020/21 | 145 | 3,92 |
| 2021/22 | 137 | 3,76 |
| 2022/23 | 134 | 3,84 |

Споредбената анализата покажува дека средниот успех на учениците на албански наставен јазик е зголемен во однос на претходната година.

Во учебната **2021/22** год. е **намален** за **0,16** во однос на учебната **2020/21** год., а во **2022/23** е **зголемен** за **0,08** во споредба со минатата учебна година.

Годишниот среден успех на учениците за три години **е 3,84.**

За подобрување на постигањата на учениците во ООУ„Симче Настовски“ - Вратница се планираат следните активности:

**Унапредување на наставата и учењето** преку :

- фаворизирање на современи стратегии на настава и учење: учење со разбирање, учење по пат на решавање на проблеми, активност на учениците, интеракција, примена на современи наставни средства, употреба на ИКТ технологија, проектно учење, учење по пат на решавање на проблеми, самостојно истражување, визуелни презентации, далечинско учење.

**Унапредување на кадровски ресурси**

- **Преофесионален развој** на наставниците преку интерни обуки и акредитирани програми и обуки од БРО.

**Обезбедување пристап кон ранливи групи**

- Евидентирање, следење и поддршка во учењето

**Инклузија и образовна партиципација на учениците со посебни образовни потреби**

- Следење на напредувањето, адаптирањето, учењето и комуникацијата
- Поддршка на наставниците, учениците и родителите
- Индивидуализирана работа со ученици со посебни образовни потреби

**Пристап кон талентирани ученици**

- Рано откривање и работа со талентирани и надарени ученици
- програма за работа со талентирани ученици

**Оценување за учење-формативно оценување**

- информирање на учениците за критериумите за оценување и истакнување на видно место во училниците и објаснување што се очекува од нив да научат
- вклучување на учениците во процесот на оценување преку самооценување и взаемно оценување
- Постојано следење на напредокот и постојана проценка и информирање за постигањатата
- водење на досиеја за учениците

**Вклучување и соработка со семејството**

- информирање на родителите за постигања

За подобрување на постигањата на учениците во училиштето во септември ќе се изготви конкретна програма со активности, одговорни наставници, очекувани резултати и тим за евалуација.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

За **професионална ориентација** на учениците училишниот психолог врши анкета и испитување на способностите и интересирањата на учениците. Се вршат и индивидуални разговори со учениците. За одредени ученици се вршат и индивидуални разговори со родители, како помош за професионална ориентација на нивните деца (осебено за ученици со посебни потреби).

Во прилог на годишната програма има конкретна програма за професионална ориентација на учениците со конкретни активности и одговорни лица.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку **промовирање** на личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставницте, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања.

Сите трудови на учениците за нивните постигања во однос на наставата се наоѓаат кај наставниците, изложени се во кабинетите, во училишниот хол и јавно се објавуваат на локални телевизии и во училишниот весник. На тој начин се постигнува поголема мотивација кај учениците за натамошно надоградување, како и за учество на натпревари, по сите наставни предмети. Учениците своите трудови ги изложуваат и на организираните продажни изложби, продажни изложби од хуманитарен карактер, преку продажни базари и активности кои се спроведуваат по повод патрониот празник на училиштето.

Учениците ги промовираат сопствените успеси, во име на училиштето, со земање учество во разни ТВ емисии на локални телевизии. Добиените награди (дипломи, признанија, пофалници, пехари, медаљи) изложени се во учлниците, во училишниот хол и кај директорот. Постигањата ќе се промовираат и преку веб-страната на училиштето и ФБ страната на училиштето.

Училиштето има договорени процедури за грижа на учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., без оглед на изборот (семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството). Психологот е обучен да им помогне преку разговори, советувања, работилници на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции.

Училиштето за грижа и следење на учениците со емоционални потешкотии, по потреба соработува со релевантни институции, како што се: Здравствени институции, Центар за социјална работа, полиција и др.

Во училиштето се изработени превентивни програми со конкретни активности , во прилог на програмата.

Во училиштето се води грижа за учениците од ранливите групи. Психологот во својата годишна програма има испланирано индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици :

- ученици со проблеми во однесувањето,
- ученици со ниска самодоверба,
- ученици со емоционални проблеми
- ученици кои насилно се однесуваат и
- ученици кои се жртви на насилство

Изготвени се конкретни програми за справување со насилство , откривање на ученици со емоционални проблеми. Изготвена е *Процедура за навремено откривање и грижа на ученици со емоционални проблеми.*

Еколошки акции и кампањи се организраат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

Во оваа учебна година предвидени се активности за Антикорупциска едукација со цел учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност кои ќе се реализираат во делот на воннаставни активности.

За планираните активности ќе биде изготвена оперативна програма која ќе биде дадена во прилог.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во прviот период (I до III одд) се оценува описно, во вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано, на крајот на учебната година оценувањето е бројчано, а по класификационите периоди - тримесечија и полугодие описно. Учениците од третиот период (VII-IX одд) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, по одделенија, пол, етничка припадност, социјален статус, редовност на учениците и поведението на учениците.

Се прави анализа за последните три години, се следат успехот и постигањата на

учениците при премин од одделенска во предметна настава и успехот на учениците од деветто одд., прва година со анализа од првото полугодие.

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се посветува посебен акцент на формативното следење на постигањата на учениците како важен предуслов за подобрување на постигањата на учениците и стекнување на квалитетни и применливи знаења. Оценувањето се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, ученичко портфолио и др) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

Ќе се формираат комисии од учениците за оценување во одделенијата. Ќе се направи план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите најмалку четири пати во текот на учебната година.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручниот соработник изготвува анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 (три) години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.
Врз основа на Законот за основно образование, Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 год. Член 72 и одредбите на Правилникот за оценување на постигнувањата и

напредувањето на учениците во основното училиште, ООУ „Симче Настовски “ -Вратница , ја донесе следнава

**ПРОЦЕДУРА**

**за поплаки и жалби по добиени оцени**

- Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува до три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
- Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишната оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
- Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот од ставот (2) на овој член.
- Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.
- За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
- Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од претседател и два члена испитувачи.  Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.  Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

**Следењето** се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники ( евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Квалитетни годишни програми | Запознавање со новите наставни програми, упатства, прирачници,учебници | -наставници<br>-директор<br>-психолог<br>родители | Унапредување на в.о.р.<br>Следење на промените |
| Воочување на пропусти и недостатоци на планирањата и нивно надминување | Редовни консултации за подобрување на годишни, месечни, дневни планирања и др. Педагошка документација и<br>Анализа на глобални, тематски и дневни планирања | -стручни активи<br>-наставници<br>-психолог<br>-директор | Квалитетни програми кои ќе придонесат за инапредување и развој на целокупната работа во училиштето |
| Поставување јасна цел на часот и конкретни активности | Следење и проценка на организацијата на часот | -стручни активи<br>-наставници<br>-психолог<br>-директор | Постигнување на планираните цели со употреба на соодветни форми, методи,средства, ефективно користење на времето |
| Навремено откривање на развојните способности можности и интереси на учениците | Следење на реализација на дополнителна, додатна, СУА,ИОП<br>Програми за интеграција на ИКТ; ЕКО стандарди; и МИО | -наставници<br>-психолог<br>-директор | Напредување на учениците според сопствените можности и способностиі и поттикнување на нивниот личен и емоционале развој |
| Перманентно усовршување на наставниот кадар | Учество на обуки, семинари и задолжителна десеминација од посетени семинари, обуки и сл. | Директор<br>Наставници<br>психолог | Унапредување на ВОР и<br>следење на промените |

Директорот и психологот во своите оперативни програми имаат планирано посета на часови со временска динамика.

Тим за следење:

в. д. Директор – Деан Трпевски

Психолог – Јасмина Матовска

Одд. Настава- Билјана Ѓероска

Одд.настава – Хамијете Гафури

Предметна наст. - Маргарета Петковска

Предметна наст. - Љуљзим Рамадани

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училишната комисија спроведе самоевалуација и подготви извештај од спроведената самоевалуација за 2020-2022 година, со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на восипитно-образовната работа кој го достави до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

**Развоен план на училиштето**

По завршената самоевалуација за 2018-2020 беше изработена програма за развој на училиштето за 4 години од страна на тимот и истата беше усвоена од страна на Училишниот одбор.

**Самоевалвација за меѓуетничка интеграција**

Изготвена е самоевалуација и активностите ќе се реализираат од страна на тимот за меѓуетничка интеграција, а во соработка со наставниците, родителите и учениците.

## 17. Безбедност во училиштето

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има правилник за заштита од пожари како една од мерките за заштита од елементарни незгоди. Со овој правилник се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор.

Во училиштето постои документ „План за заштита и спасување“. Со овој документ се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди и пожар. Во нашето училиште дел од вработените се обучени за употреба на ПП-апарати од стручно лице, а се изведуваат симулации за заштита од елементарни незгоди од страна на Црвен крст – Тетово. Во текот на реализација на наставните содржини за стекнување на практични вештини учениците понекогаш користат заштитна опрема (разговор со учениците и со наставниците и анкети). Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците (доколку во текот на годината инцидентно се појават проблеми, тогаш тие се решаваат тековно). За да се заштитат учениците од физички повреди постојано им се укажува како да се однесуваат кон потенцијално опасните места (штекери, надворешните шахти се затворени), но во училиштето не постојат документи во пишана форма. Во нашето училиште има обучен вработен кој поседува вештини за давање прва помош на ученици во случај на несреќни случаи во училиштето, а има спроведено и дополнителна обука за наставниците и вработените во училиштето.

Дежурните наставници за време на одморите меѓу часовите водат грижа за безбедноста на учениците. Во училиштето е истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место. Училиштето има изготвено Кодекс за однесување на наставниците, учениците, стручниот соработник, директорот и административно-техничкиот персонал. Кодексите се истакнати на видно место во училиштето каде што може секој да ги прочита. Училиштето има усвоено куќен ред.

# 18. Грижа за здравјето

**Годишна програма за грижа за здравјето**

| цели | содржини | Време на реализација | реализатори | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|
| Оспособување на учениците за здрав начин на живеење | **Унапредување на здравјето во физичка смисла:**<br>-Лична хигиена<br>-Храна и исхрана<br>-Заразни болести<br>-Физички вежби и здравје | Септември<br>ноември<br>февруари<br>април | Одд. раководител,<br>учениците,<br>стручни лица | Здрави и чисти ученици |
| Развивање на психолошки зрела личност | **Унапредување на менталното здравје:**<br>-Развој на самодоверба<br>-Самопочитување<br>-Комуникација<br>-Разбирање на другите и нивно прифаќање | Октомври<br>декември<br>март<br>мај | Психологот,<br>одд. раководител,<br>учениците | Емоционално изградена личност |
| Одржување на хигиена во околината | **Социјално здравје:**<br>-Грижа за здрава локална средина<br>-Здрава училишна | Октомври | Одд. раководител,<br>учениците | Здрава средина за развој на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средина<br>-комуникација меѓу наставник-ученици-родители-средина | декември<br>март | | |

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето ја одржуваат 9 хигиеничари- технички персонал. Училиштето преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената. Дежурните наставници за време на одморите, а сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор и превентивните мерки за заштита од болести и вируси.

Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на наставата и на крајот на наставата). Останатиот училишен простор се чисти двапати во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст. Со реновирање на санитарните јазли за учениците, целосно се подобрија хигиенските услови во училиштето.

На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

| Содржини | Време на реал. | Реализатори | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| Одржување и уредување на училницата | септември, декември, март | Одд. раководители, учениците | Мирјана Димовска<br>Хамијете Гафури |
| Одржување и уредување на училишниот двор | октомври, март | Одд. раководители, учениците | Јумни Ајети<br>Мирче Николоски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одржување и уредување на училишниот ходник | октомври, декември, март | Одд. раководители, учениците | Елеонора Антевска<br>Хасиме Јашари |
| Чистење и одрж. на просторот околу споменикот во ЦОУ Вратница | октомври, март, април | Техничкиот персонал, наставници, ученици, | директорот |
| Еко ден | 21 март | Наставници, ученици, | Елеонора Антевска<br>Хасиме Јашари |

**18.2. Систематски прегледи**

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V и VII одделение, а со стоматолошките систематски прегледи се опфатени сите ученици I - VII одд. Истите се реализираат во амбуланта во присуство на одделенскиот раководител или раководителот на паралелката. При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за редовни стоматолошки прегледи, офталмолошки преглед и применените задолжителни вакцини за детето како услов за запишување. На вработените им се овозможува и се задолжуваат еднаш на три години систематски преглед и еднаш годишно санитарен преглед.

**18.3. Вакцинирање**

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во Амбуланта-Вратница во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд. одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Свеста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците се поттикнува преку предавања кои ги организира училиштето, работилници и индивидуални совети за учениците. Содржини на оваа тема се реализирааат и во рамките на дел од задолжителните предмети, изборните предмети (Вештини за живеење) и во програмата „Животни вештини“ (подетално во горенаведените програми). Училиштето не нуди организирана исхрана за учениците .

| План<br>за Систематски преглед, Вакцинација и Залевање заби | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | | **Одд.** | **Време** | **Наставници кои придружуваат** |
| **Систематски преглед** | | I | ноември/ декември | Наставници од прво одд. |
| | | III | ноември/ декември | Наставници од трето одд. |
| | | V | ноември/ декември | Наставници од петто одд. |
| | | VII и IX | ноември/ декември | Одделенски раководители од седмо и деветто одд. |
| **Вакцинација** | MRP | I | Септември | Наставници од прво одд. |
| | Mantoux-test<br>BCG<br>Ди-Те+OPV | II | Октомври<br>Октомври<br>Март | Наставници од второ одд. |
| | Ди-Те-Пер<br>ХПВ | VIII | Март<br>октомври | Одделенски раководители од осмо одд. |
| **Залевање заби** | | I | Јуни | Наставници од прво одд. |
| | | II | март | Наставници од второ одд. |
| | | III | јануари | Наставници од трето одд. |
| | | IV | септември | Наставници од четврто одд. |
| | | V | ноември | Наставници од петто одд. |
| | | VI | октомври | Одд. раководители на VI одд. |
| | | VII | Септември | Одд. раководители на VII одд. |

| Едукација за здрава исхрана | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Тема** | **Одд.** | **Предавачи** | **Термин** |
| • | *Сезонско овошје и зеленчук* | I-V | Одд.наставници | Октомври-Ноември |
| • | *Со здрава храна против вируси* | VI-IX | Нутриционист | Јануари-Февруари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • | *Исхрана-здрави заби* | I-IX | д-р Миланчо Младеновски | Мај-Јуни |
| • | *Значењето на водата во здравјето на човекот* | V-IX | Претставник од Грин Мастер | Март-Април |

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно правилникот и етичкиот кодекс на однесување. На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите. Секој главен дежурен наставник води писмена евиденција за тековните збиднувања (дневник за дежурни наставници).

Распоред на дежурни наставници

| Учебна 2023/2024 | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| Дежурни наставници | Јелена С.<br>Мирче Н.<br><br>Љуљзим Р.<br>Хамијете Г. | Јадранка М.<br>Маргарета П.<br><br>Јумни А.<br>Бадеме Ш. | Сузана С..<br>Даниела К.<br><br>Селма Џ.<br>Абибе А. | Елеонора А.<br>Билјана Ѓ.<br><br>Сељвије С.<br>Адиљ М. | Елизабета Н.<br>Тони К.<br><br>Хасиме Ј.<br>Ардита Е. |

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во ЦОУ Вратница одговорен наставник за естетско уредување на училишниот простор е **Зоран Бошковски**, а во ПОУ Јажинце одговорен наставник е **Бадеме Шемшиу**.

Наставниците со учениците развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (при тоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето).

План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето ќе биде даден во прилог на програмата

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Критериуми за успех** – естетски уреден ентериер и опкружување

**Инструменти** –анкетни прашалници за родителите и учениците

**Индикатор за успешност** – записници од увиди на инспекторите од МОН, позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница

**Одговорен за следење** – директор, тим за еколошка едукација и тим за естетско уредување на училиштето

**Повратна информација:**

- естетско уредени училници и ходници во училиштето;

- развиени естетски вредности кај учениците;

- функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето;

- развиена еколошка свест кај учениците

**19.3. Етички кодекси**

Во училиштето има кодекс за однесување со кој се запознаени сите структури во училиштето. Содржи принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот не е наметнат, изработен е од самите наставници и е поставен на видни места во училиштето, во наставничката канцеларија и во училниците. Во рамките на Кодексот на однесување, учениците ги знаат своите права, ги исполнуваат доволно своите обрвски. До крајот на октомври ќе се направи најмалку едно иновирање на текстот на етичкиот кодекс на сите лица кои се вклучени во образованието – ученици, наставници, родители, други вработени.
Училиштето има изготвено Еко-кодекс што ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Истакнат е на видно место на влезот на училиштето.

**19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето**

Односите меѓу сите вработени во училиштето се на високо ниво (според резултатите од самоевалуацијата). Најголем број од наставниците се подготвени за соработка и одговорно ги извршуваат дадените задолженија. Посебно соработката е очигледна помеѓу одделенските раководители и наставниците во одделенска настава при

изработка на годишни глобални и тематски распределенија, изработка на годишни планирања за одделенскиот час, како и при изработка на тестови на знаење. Исто така и самото учество во стручните активи укажува на соработка, а посебно соработка меѓу помладите и постарите колеги кои се одредени како ментори. Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот Одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во Училишниот одбор.

Во училиштето е формиран тим составен од: Деан Трпевски – в.д. директор, Јасмина Матовска – психолог, Шеќибе Заими – наставник, Адиљ Мемиши – наставник, Жаклина Богојеска – претседател на совет на родители и Наташа Тофилоска – претставник од УО, кој ќе предлага заеднички состаноци – работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат слабостите на комуникацијата и ќе се предлагаат нови начини на комуницирање. Најпосакувани начини за надминување на тие појави би биле: заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и сл. кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето од страна на тимот за професионален развој изработен е документ „Професионален развој на наставниците – политика и практика на ООУ ,,Симче Настовски“ Вратница и училишна програма за професионален развој, кои се во прилог на Годишната програма.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации, предложените теми од стручните активи  и новините и насоките дадени од Министерството и од основачот, утврдени се потребите и приоритетите за оваа учебна година кои се вметнати во програмата за професионален развој за учебната 2023/2024 год.  Оваа учебна година, поради важноста на темите, изборот на наставници за професионален развој е извршен по стручни активи (сите наставници ќе учествуваат по стручни активи).

Во интерес на унапредување на професионалниот развој на образовниот кадар во нашето училиште извршена е анализа на  анкетите на наставниците за професионален развој (посета од обуки и семинари). Од извршеното анкетирање на наставниците при спроведување на самоевалуацијата за работата на училиштето се добиени следните резултати:

| За каков професионален развој би се заинтересирале? | |
|---|---|
| **Одговорите на наставниците:** | Број: |
| Развој во подрачјето на ИКТ во настава | 19 |
| Обуки за Online настава | 10 |
| Обука за онлине тестови | 1 |
| Роботика | 1 |
| Обуки за јазичари | 1 |
| Современи стратегии на учење, нови методи, и техники на учење и подучување | 1 |
| Усовршување за „Учење од реалниот живот“ | 1 |
| Развој за професијата што ја предавам | 1 |
| Доволно ми е адекватната професија што ја имам | 1 |
| Немам одговор на оваа прашање | 1 |

## 20.2. Активности за професионален развој

Оваа учебна година се планирани следните активности:

- Обуки за наставници од Каталогот на акредитирани обуки понудени од БРО и МОН
- интерни обуки / мини семинари / работилници н
- дисеминации од посетените семинари, обуки и сл.
- отворени и нагледни часови, отворени денови
- екстерни обуки и семинари – од БРО, од проекти.

За сите активности ќе се изготват акциони планови. По спроведените обуки ќе се подготвуваат извештаи, ќе се прави евалуација и од неа ќе произлезат наредните приоритети за професионален развој.

## 20.3. Личен професионален развој

За сопствено лично усовршување наставникот и психологот прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а врз основа на резулатите од интегралната евалуација, посетите од директорот, како и од страна на советниците од Бирото за развој на образованието.

Директорот, стручните работници и наставниците задолжително ќе присуствуваат во работата на сите општински, регионални и републички семинари, советувања, симпозиуми и слично во организација или со одобрение на Министерството за образование и наука.

Директорот и стручните соработници вршат поединечно следење на напредувањето на наставниците, се води професионално досие за секој наставник и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето.

Се овозможува следење и вреднување на работата на училиштето од страна на ДПИ и советници од БРО;

Се мотивираат наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Професионалниот развој на наставниците, во основа, е процес на унапредување на вештините и компетенциите на наставникот со цел унапредување на квалитетот на наставата, учењето и постигањата на учениците. Освен семинари , кои се нудат екстерно, значаен дел на професионалниот развој на поединецот се одвива во училиштето. Минувајќи низ овој процес на учење, практична работа, истражување, развивање и унапредување на знаењата, вештините и способностите на поединецот, наставникот станува практичар кој промислува и во склад со своите потреби и потребите на училиштето поставува цели за сопствен професионален развој. Паралелно со улогата наставник, тој треба да преземе и улога на ученик. Тоа значи да биде одговорен за одлуките кои се однесуваат на сопствениот процес на учење кој е поврзан со личните и потребите на училиштето. За да се организира современ и квалитетен наставен процес, наставниците треба да ги познаваат најновите стручни и методички достигнувања, како и достигнувањата од областа на современата технологија. За професионалниот развој да биде навистина континуиран процес, тој мора да се одвива и во рамките на училиштето, низ разни видови пренесувања и размена на знаењана ниво на едно или повеќе училишта.

**Предуслови за континуиран професионален развој на наставникот се:**

- образовен систем, кој го овозможува и подржува професионалниот развој,
- програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници на ниво на училиште,
- средина која мотивира, професионална и лична автономија,

- изразување на креативност и иницијативност во имплементација на промените,
- настава насочена кон дете- ученик,
- тимска работа при планирање, подготовка, релализација и анализа на наставниот процес,
- соработка со родителите и локалната заедница,
- постојана проценка и самопроценка на сопствената работа,
- напредување во професијата кое е стимулирано на различни начини.

## 20.4. Хоризонтално учење

• Се планираат различити видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку стручните активи, организирање на отворени часови, нагледни часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

• Тимска работа и училишна клима

• Се предвидуваат форми на поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, да се одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и интернализација на ВИП – компетенции, да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

Ќе се применува креираната колаборативна платформа со прашања, предлози и профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи (одговорен наставник Јелена Спасовска).

Акционен план за хоризонтално учење

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи, техники и наставни средства |
| Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми | Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Успешна реализација на програмите во наставата |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| меѓу наставниците од нашето училиште | содржини | | | наставниците |
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој е резултат на меѓусебното надополнување и интеракција помеѓу семинарите и искуството, така што тука се вклучува:

- формалното искуство - базично образование, семинари, менторство, работилници, професионални состаноци,
- неформално искуство - следење на стручна литература, интернет, емисии посветени на образованието,
- самоевалуација и истражувања на воспитно- образовната пракса,
- водење лично-професионално досие.

Современите сфаќања на професионалниот развој опфаќаат:

- професионален развој кој се базира на моделот на конструкција на знаењата,
- тој е континуиран и долготраен процес,
- подразбира континуирана систематска поддршка и пратење,
- професионален развој кој е во склад со потребите на секојдневната пракса,
- професионален развој кој е поврзан со реформите,
- наставниците се рефлексивни практичари и истражувачи,
- контекст во кој ќе се имплементираат знаењата.

Професионалниот развој на наставниците овозможува континуирано стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на вештини и способности кои се релевантни за успешност на наставните и воннаставните активности на учениците. Исто така, дава можност за стекнување на знаења и вештини кои обезбедуваат квалитетна и успешна соработка со колегите и управата на училиштето, како и квалитетен однос со локалната заедница. Овозмножува и припрема за прифаќање на системските промени, нивна успешна примена и активно учество и иницијативност во спроведување на реформите.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители со претходно изготвена и доставена програма за работа организира распоред за средби со родители и отворен ден за прием. Ги детектира состојбите во училиштето од типот на дефекти и потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа. Родителите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и за нивна реализација. Училиштето организира распоред за средби истакнат на огласна табла. Во рамките на **Проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците"** ќе се организира „Родителска отворена средба" и „Отворен ден".

**Распоред за приемен ден/час на одделенските наставници**
**за учебната 2023/2024 година**

| Име и презиме | Предмет | Ден на прием | Час на прием/од-до |
|---|---|---|---|
| 1.Билјана Ѓероска | Одд. наставник | понеделник | 11: 00– 11:40 |
| 2.Јадранка Мисајлоска | Одд.наставник | вторник | 11: 00 – 11:40 |
| 3.Елизабета Николовска | Одд.наставник | вторник | 11:00– 11:40 |
| 4.Светлана Ѓорѓевска | Одд.наставник | среда | 12 :00 – 12:40 |
| 5.Митко Апостоловски | Одд. наставник | понеделник | 10: 30 – 11:10 |
| 6.Мирјана Димовска | Одд. наставник | вторник | 11: 00– 11:40 |
| 7.Наташа Тофилоска | Одд. наставник | вторник | 11:30 – 12:10 |
| 8.Фатиме Алији | Одд. наставник | петок | 11: 00– 11:40 |
| 9.Абибе Адиљи | Одд. наставник | понеделник | 12:00 – 12:40 |
| 10.Адиљ Мемиши | Одд. наставник | петок | 11: 00– 11:40 |
| 11.Хамијете Гафури | Одд. наставник | среда | 12 :00 – 12:40 |
| 12.Шаќире Реџепи | Одд. наставник | петок | 12:00 – 12:40 |
| 13.Шеќибе Заими | Одд. наставник | вторник | 11:00– 11:40 |
| 14.Јетмире Рустеми | Одд. наставник | четврток | 10:00-10:40 |
| 15.Илир Мисими | Одд. наставник | понеделник | 11:00– 11:40 |
| 16.Мирије Мисими | Одд. наставник | петок | 11:00– 11:40 |

**Распоред за приемен ден/час на предметни наставници**
**за учебната 2023/2024 година**

| Име и презиме | Предмет | Ден за прием | Час за прием |
|---|---|---|---|
| 1.Маргарета Петковска | Англиски јазик | понеделник | 11: 00– 11:40 |
| 2.Даниела Коцеска | Македонски јазик | понеделник | 11: 00– 11:40 |
| 3.Ангелина Коцевска | Информатика, Техн. обр. | среда | 11: 00– 11:40 |
| 4. Катерина Перовска | Историја,граѓанско обр. | вторник | 13:00 – 13:40 |
| 5.Селма Џеладини | Математика,информатика | понеделник | 11:00– 11:40 |
| 6.Сељвије Селмани | Албански јазик | понеделник | 12 :00 – 12:40 |
| 7.Јумни Ајети | Физичко и здр.обр. | петок | 10:30 – 11:10 |
| 8.Хасиме Јашари | Биологија,природни науки | среда | 11: 00– 11:40 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.Билјана Симовска | Македонски јазик | среда, четврток | 11:00 -12:00 |
| 10.Тони Коцески | Математика,физика | среда | 10:00-10:40 |
| 11.Елеонора Антевска | Биологија,хемија | понеделник | 9:00 – 9:40 |
| 12.Јелена Спасовска | Англиски јазик, иновации | понеделник | 12 :00 – 12:40 |
| 13.Даниела Попоска | Географија | вторник | 12 :00 – 12:40 |
| 14.Христина Јовановска | Германски јазик | вторник | 8:00 – 8:40 |
| 15.Зоран Бошковски | Ликовно обр. | петок | 11: 00– 11:40 |
| 16.Лидија Илиеска | Музичко обр. | среда | 10:00-10:40 |
| 17.Роберт Атанасовски | Етика | петок | 8:0 - 8:40 |
| 18.Илија Деспотовски | Етика во религиите | вторник | 10:00-10:40 |
| 19.Ардита Ејупи | Англиски јазик | понеделник | 11: 00– 11:40 |
| 20.Љуљзим Рамадани | Англиски јазик, иновации | среда | 10:00-10:40 |
| 21.Фатон Фетаи | Географија,историја | понеделник | 11: 00– 11:40 |
| 22.Ардита Јусуфи | Германски јазик | петок | 10:00-10:40 |
| 23.Сефедин Шаќири | Физика, хемија | вторник | 12: 00– 12:40 |
| 24.Бадеме Шемшиу | Ликовно обр. | вторник | 9:30 – 10:10 |
| 25.Абдуљсамет Исмаили | Етика на религии | понеделник | 10:00-10:40 |
| 26.Лејла Исени | Техничко обр. | вторник | 11: 00– 11:40 |
| 27.Арсим Османи | Музичко обр., хор | четврток | 11: 00– 11:40 |
| 28.Мирче Николоски | Физичко и здр.обр. | четврток | 10:00-10:40 |
| 29. Сребра Мишовска | Физичко и здр.обр. | понеделник | 10:00-10:40 |
| 30.Илбер Фаризи | Изборен спорт,танци и народни ора | среда | 11: 00– 11:40 |
| 31.Снежанка Марковска | Центар за поддршка на ученици со ПП | вторник | 8:00 – 9:40 |

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Наставниците планираат отворени часови на кои што ќе бидат поканети родителите, стручната служба и претставник на БРО. За напредување на учениците–таленти се изготвуваат посебни програми и им се доделуваат благодарници на свечен начин. Тие им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата, помагаат при професионалната ориентација на учениците.

- ***Во активностите во училиштето***

Родителите активно се вклучени во Новогодишен и Велигденскиот панаѓур кој е со хуманитарен карактер и родителите се вклучени во Активности од типот: приготвување на здрава храна и новоогдишни украси. Наставниците организираат работилници на кои учествуваат родителите заедно со нивните деца-според нивна програма.

- ***Во донесување одлуки***

Преку советот на родители, училишната заедница и училишниот одбор родителите се вклучени во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

За едукација на семејствата ќе се организираат:

- едукативни работилници за родители
- типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, електронски мултиетнички училиштен весник.
- советодавно-консултативни работилници – индивидуални и групни,
- посета на семејства и др.
- Изработка на брошура за родители
- Тимот за подготовка и реализација на брошурата: Јасмина Матовска, Јелена Спасовска, Ангелина Коцевска и Селма Џеладини во почетокот на септември изготвува брошура и ја печати со помош на финансиски средства од училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### 2. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

| Комуникација со | Институција | Комуникација / соработка |
|---|---|---|
| ***Локална заедница*** | Општина Јегуновце, бизнис заедница (Лијотекс – Вратница; ИГМ –Вратница), месно население | - усна, пишана и електронска комуникација,<br>- посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување,<br>- собири и здружувања по одредени случувања во училиштето,<br>- се промовираат постигнати резултати од различен вид,<br>- промовирање на проектни активности |
| ***Институции од областа на културата*** | Локална библиотека „Светлина – Дрита“<br>Дом на култура – Тетово<br>Зоолошка градина<br>Природонаучен музеј<br>Планетариум<br>Музеј на Македонската борба<br>Изложбен центар ХЕЦ Матка | - учество на објавени конкурси и натпревари и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби<br>- учество на претстави, детски фестивали<br>- посети |
| ***Институции од областа на образованието*** | МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС Сектор за основно образование, ООУ,,Александар Здравковски“ Јегуновце, ООУ „Шешово“ Шемшово, | Споделување на информации, соопштенија, извештаи, заеднички средби, планирање на одредени активности, учество на натпревари, |

| | | |
|---|---|---|
| | ООУ „Фаик Коница“ Доброште, ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ Теарце , ОУ со Ресурсен центар „Д-р Златан Сремац“ Скопје Скопје | заеднички средби за унапредување на воспитно-образовната работа, заеднички прослави и екскурзии, заеднички мултиетнички активности. |
| ***Невладини организации*** | „Отворете ги прозорците“, МЦГО, USAID,ОХО, ОБСЕ, Национална федерација на фармери | учество во проекти |
| ***Спортски друштва*** | Планинарско друштво „Љуботен“ | учество во проекти |
| ***Здравствени организации*** | Здравствен дом – Тетово ПЗУ „Др. Златица“ – Вратница Центар за социјални грижи, Фонд за здравство, Осигурителна компанија WINNER Завод за ментално здравје | грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, вакцинации, систематски прегледи, осигурување на ученици и вработени, категоризација на ученици |
| | Се предвидува и изработка на акциски план со едукативни теми за здравјето на учениците, со одговорни лица за реализација, време на реализација и очекувани исходи – одговорен наставник – Елеонора Антевска. | |
| ***Медиуми*** | РТВ Кисс-Менада ТВ Алфа ТВ Коха | Лице за контакт со медиуми е директорот на училиштето и ќе има за задача да формира тим кој ќе организира настани и активности од еколошката програма и нивна промоција пред медиумите и јавноста. |
| | - училишни флаери (за постигања, советување на родители, информативна брошура, електронски мултиетнички училиштен весник, упис на првачиња) | |
| | Општина Јегуновце | Соработка со Општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка. |

## План на одржување на родителските состаноци со основните содржини

Во текот на учебната 2023/2024 година ќе се одржат најмалку шест родителски средби од кои три во прво и три во второ полугодие.

Првата родителска средба ќе се одржи во септември, втората до средина на ноември, третата на почеток на јануари, четвртата најдоцна до крајот на април, петтата во јуни, а последната во на крајот на учебната година за доделување свидетелства. На општите родителски средби, родителите ќе се запознаат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно, ќе се дадат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот и ќе се подготват пригодни стручни предавања на соодветни теми.

| Содржини: | време |
|---|---|
| – Запознавање со содржините и активностите од Годишната програма<br>– Запознавање со Куќниот ред и Кодексот на однесување<br>– Избор на родители за Совет на родители<br>– Запознавање на родителите со индивидуални средби<br>– Задолжување со бесплатни учебници и за тековната учебна година<br>– Дискусија за екскурзии, посети, набљудувања планирани за тековната учебна година | IX |
| – Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие<br>-Редовноста на учениците во текот на првото тримесечие<br>– Давање на увид на евидентните листови<br>– Предлог мерки за подобрување на успехот | XI |
| – Анализа на постигнатиот успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br>– Редовноста на учениците во текот на првото полугодие<br>– Поделба на евидентните листови<br>– Како корисно и занимливо да се искористи зимскиот распуст (напатствија, совети и сугестии) | I |
| – Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие<br>– Редовноста на учениците во текот на третото тримесечие<br>– Давање на увид на евидентните листови<br>– Предлог мерки за подобрување на успехот | IV |
| - Запознавање на родителите со изборни предмети кои ќе ги изучуваат учениците во идната учебна година преку анкетни листови | VI |

| | |
|---|---|
| -Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната Година<br>- Поделба на свидетелства<br>- Како корисно и интересно да се искористи летниот распуст | VI |

Покрај редовните родителски средби училиштето ќе организира и родителски средби од отворен тип **<u>– отворен ден секоја последна среда во месецот</u>**. На овие средби на родителите ќе им се овозможи средба со сите наставници на едно место при што ќе можат да добијат подетални информации за успехот и поведението на нивните деца по соодветен предмет директно од предметниот наставник.

## Совет на родители

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштеto од родителите, односно старателите на учениците формиран е совет на родители на училиштето по еден претставник од секоја паралелка и брои 24 члена.

Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,
- расправа за извештајот за работата на училиштето,
- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности,
- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа,
- учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето,
- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето,
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

## Училишен одбор

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Составот, надлежностите и задачите на Училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Основна цел на Училишниот одбор е заштита на законитоста во работата, правата на учесниците воспитно - образовната работа, јавност и транспарентност во работата, усогласување на актите со законски одредби. Училишниот одбор на основното училиште е составен 7 члена , и тоа: тројца претставници од наставниците и стручните соработници, тројца претставници од родителите на учениците и еден претставник од основачот.

Програмата  на Училишниот одбор е дадена во прилог




# 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| **Пиоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно /ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Следење на реализација на часови со примена на активна настава | Посета на час,<br>Разговор,<br>Увид во дневни подготовки | Директор<br>Психолог | Директор |
| Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | Чек листа<br>Записници од одржани состаноци<br>Анализа на посетените часови<br>Препораки за унапредување на | Директор<br>Психолог<br>Претседатели на Стручни активи | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дејноста | | |
| Следење на реализација на додатна и дополнителна настава | Увиди во записници од додатна и дополнителна настава<br>Посети на час<br>Статистички анализи | Претседатели на Стручни активи | Директор<br>Психолог<br>Стручни активи |
| Евалуација на професионален развој на вработените | Разговори<br>Увиди во сертификати и во наставничко досие<br>Записници<br>Анализи<br>Извештаи<br>Педагошка евиденција | Тим за проф. развој<br>Психолог<br>Координатори на Тимовите за акциските планови | Директор |
| Евалуација на работата на стручните активи | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Наставнички совет | Директор<br>Стручна служба |
| Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | Статистички анализи на среден успех на учениците на полугодие и крај на година | Одделенски и Наставнички совет | Директор<br>Стручна служба |
| Следење на реализација на Годишната програма | Анализи на реализација на Годишната програма | Тим за евалуација на Годишната програма | Директор |
| Изготвување полугодишен и годишен извештај | Анализа на работењето на училиштето | Тим за евалуација на Годишната програма | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници |
| Увиди во водење на педагошка евиденција и документација | Прегледување на Педагошката евиденција и Документација, Записници и Извештаи | Директор<br>Комисии за прегледување,<br>Стручна служба | Директор<br>Стручна служба |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Со планот на евалуација треба да добиеме релевантни податоци за тоа како успешно е извршена и имплементирана развојната програма. Целта на евалуацијата претставува модификација, усовршување и унапредување на праксата. Евалуацијата се врши во текот

на целиот процес. Со неа започнува и завршува развојниот циклус. При евалуацијата, од инструменти можат да се користат: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудување и др. Евалуацијата е наменета за Училишниот одбор, Совет на родители, локална средина, МОН. Планот за евалуација треба да се разработи прецизно по клучни точки. Евалуацијата се врши во текот на учебни години и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските интеграции.

## 25. Заклучок

Годишната програма на ООУ „Симче Настовски“- Вратница , подготвена според член 49 од Законот за основно образование сл. весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година / 229/2020 година и чл. 14 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишна програма за работа на основното училиште, е едногодишен развоен документ во кој се предлагаат планирањата за работа на сите структури инволвирани во воспитно-образовниот процес за претстојната учебна 2023/2024 година. Документот, покрај основните податоци за училиштето, бројот на наставен и ненаставен кадар, бројот на ученици и паралелки и распределенијата за работа по наставник и одделение, во детали ја планира и работата на директорот, стручни соработник -психолог  и трите стручни активи (Стручен актив на предметни наставници, стручен актив на предметни наставници и стручен актив на наставници кои работаат со ученици со посебни потреби). Дополнително со овој документ и неговите прилози се дава јасен преглед на планираните натпревари по период/месец по сите предмети и се регулира оддржувањето на додатната и дополнителна настава, работата на секциите и спортскиот клуб во училиштето и сите планирани вонннаставни и слободни ученички активности според однапред утврден распоред, а се со цел подобрување на квалитетот на настава и продлабочување на знаењата во области од интерес за учениците. Посебно внимание се посветува на инклузивниот тим во училиштето кој ја планира работата со сите категории на ученици, од талентирани, до ученици со потешкотии во учењето, како и на тимот за професионална ориентација на учениците . Во училиштето работат тимовите за имплементација на МИО и Еко содржини, и истите предложуваат сопствен план за работа за претстојната учебна година, притоа обезбедувајќи соработка со локални училишта и институции релевантни за полето на нивно делување. Годишната програма цврсто се темели на мисијата и визијата на училиштето, па посветува значително големо внимание на професионалниот и кариерен развој на сопствениот кадар преку размена на искуства со сродни училишта во земјава и надвор, обуки, семинари и мобилности на ученици и наставници во рамки на различни проекти, за кои наставниците во училиштето имаат поднесено апликации и чекаат одобрување. Детален план за истите ќе се додаде како анекс кон овој документ по официјалните резултати пред почетокот на наставната година.

Училиштето е во тесна соработка со институциите во општината и регионот, како и родителите/старателите на учениците, кои се вклучени во организацијата на работата на

училиштето во сите сегменти преку свои претставници во Советот на родители и Училишниот Одбор, за чија работа е изготвен детален план и распоред на активности, како и правилник за избор/реизбор, обврски и права. Покрај вклученоста на родителите и институциите преку свои органи во Ученичкиот парламент и одделенските заедници се застапени и учениците, за што овој документ обезбедува правилник и начин на работа. Годишната програма го следи препораките од заклучоците на тимот за самоевалуација, како и искуствата од претходната учебна година, и предлага планирања за подобрување во секое подрачје кое се појавило како приоритетно, во прилог на оставрување на основната цел на училиштето да понуди квалитетна и модерна настава. За оваа годишна програма е подготвен план за евалуација со индикатори за успешност кој ќе се спроведе по имплементацијата на оваа Годишна програма.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Деан Трпевски – в.д. директор

Јасмина Матовска- психолог

Даниела Коцеска - предметен наставник

Сељвије Селмани - предметен наставник

Наташа Тофилоска - одделенски наставник

Катерина Богојеска - ученик (претставник од ученички парламент)

## 27. Користена литература

1. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (член 49став (6) од законот за основно образование, сл. Весник бр.161/19 (објавено на МОН на 07.07.2020 год.

2. Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie);

3. Законот за основно образование

- Концепција за основно образование, Концепција за инклузивно образование,

4. Закон за заштита на лични податоци

5. Закон за работни односи

6. Закон за јавни набавки

7. Закон за организација и работа на органите на државната управа

8. Подзаконски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.), Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците

9. Статут на училиштето

10. Програма за развој на училиштето

11. Самоевалуација на училиштето

12. Програма за професионален развој на училиштето

Вратница М.П. В. Д. Директор
14.08.2023 година Деан Трпевски

-----------------------

Претседател на Училишен одбор
Жаклина Богојеска

-------------------------

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „СИМЧЕ НАСТОВСКИ“ ВРАТНИЦА**

-Годишна програма за работа на: директор, стручнен соработник-психолог, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за вонннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и  за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и  анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште